ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14 – 216/8**

**Дата:** 07 .11.2013

**ДО**
**ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА-ДУИ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите заедно со ревизија на усогласеност на Демократска унија за интеграција - ДУИ (во натамошниот текст ДУИ) на сметката - изборната кампања за избори на членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје одржани на 24 март 2013 година (во понатамошниот текст изборна кампања 2013 година). Финансискиот извештај предмет на ревизија го опфаќа периодот од 22.02. до 20.04.2013 [1]година.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај за приходите и расходите за изборна кампања 2013 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата е констатирано дека: не се преземени мерки за уплата на средствата во Буџетот на Република Македонија примени на име донации над дозволениот со закон утврден лимит; не постојат доволно докази за потврдување на бројот, седиштата на изборните штабови и начинот на нивно користење (со или без надомест); не се искажани сите примени донации и не се опфатени сите трансакции во Финансискиот извештај.

Истакнуваме постоење на неколку системски слабости и тоа:
- настојувањето донираните средства за изборна кампања да се поврзат со конкретен расход во пракса е применливо во случаи каде може да се лоцира конкретен расход (одобрен попуст прикажан во фактура, изјава од донаторот за бесплатно дадена услуга итн.), но не и кај физички и правни лица кои

[1] Според роковникот утврден од ДИК краен рок за доставување на ФИ е 29.05.2013 година.

донираат парични средства;
- укинувањето на законската обврска за затворање на сметката за изборна кампања по исплатениот надомест на трошоци, овозможува оние учесници во изборната кампања кои имаат создадени обврски кои не можат да се покријат од обезбедените средства на сметката на изборна кампања, истите да ги платат од извори кои не се наведени во Изборниот законик;
- не е дефинирано дали донаторот - правно лице може да донира најмногу по 5% од вкупниот приход остварен во претходната година на секој поединечен учесник во изборната кампања или тоа е вкупниот максимален износ кој може да го донира во текот на една изборна кампања;
- потребно е преземање на мерки и активности од надлежните органи за преиспитување на максимално утврдениот лимит од 180 денари по запишан избирач како дозволено ниво на средства за финансирање на изборната кампања;
- потребно е преземање на мерки и активности од надлежните органи за законско решение за вршење на функцијата на избраните и именуваните лица на локално ниво, од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за избор на претседател на Републиката, пратеник, член на совет или градоначалник;
- потребно е усогласување на висината на глобата за прекршочна одговорност утврдена во Изборниот законик од една и Законот за спречување на корупција од друга страна;
- потребно е преземање на мерки и активности од надлежните органи за целосно уредување на траењето на изборната кампања пред се во услови кога се појавува поништување на гласање на одредени избирачки места и повторно прегласување, со цел јасно дефинирање на рокови за поднесување на финансиски извештаи утврдени со Изборниот законик;
- неможност да се потврди правото на трошење на средства за организаторите на изборната кампања кое се утврдува по запишан избирач на ниво на општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Ревизијата смета за неопходно да обелодени дека се утврдени одредени состојби во делот на несоодветно постапување согласно член 83-а и член 85-а од Изборниот законик од страна на давателите на услугите на организаторот на изборната кампања кое има свое влијание врз информациите презентирани во Финансискиот извештај.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-216/5 од 23.09.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката – изборна кампања за локални избори 2013 година на ДУИ, која се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 22.02. до 20.04.2013 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката - изборна кампања за локални избори 2013 година на ДУИ, бидејќи сметката е отворена на 05.02.2013 година.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Али Ахмети, претседател на ДУИ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ДУИ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

**2. Цел и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован врз годишниот финансиски извештај составен според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.05.2013 до 19.06.2013 година.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај не беа дискутирани на завршен состанок со раководството и одговорните лица на ДУИ – предмет на ревизија.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-216/5 од 23.09.2013 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Финансирањето на изборната кампања е уредено со одредбите на член 83 од Изборниот законик и тоа:

- со став 2 алинеја 2 од наведениот член како извор на финансирање на изборна кампања се наведуваат средствата од физички лица во висина од 5.000 евра во денарска противвредност.

Со извршениот увид во презентираните документи ревизијата констатира дека примена е донација од физичко лице во поголем износ од законски утврдениот односно 600 илјади денари и на тој начин е надминат законски дозволениот лимит за 292[2] илјади денари;

- со став 2 алинеја 3 од наведениот член како извор на финансирање на изборна кампања се наведуваат средствата од правни лица во висина до 5% од вкупниот приход во претходната година.

Со извршениот увид во презентираните документи ревизијата констатира дека примени се донации од правни лица во поголем износ од законски утврдениот односно направено е надминување на законски дозволениот лимит за 984 илјади денари.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 83 став 4 и предизвикува партијата да се стекне со средства кои се над дозволениот со закон утврден лимит.
До денот на известување од извршената ревизија не се преземени активности разликата меѓу дозволената и донираната вредност да се уплати во корист на Буџетот на Република Македонија, во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата.

**Препорака**
Надлежните органи на партијата да преземат мерки за префрлување на разликата меѓу дозволената и донираната вредност во Буџетот на Република Македонија.

[2] 1 Евро по среден курс на НБРМ на ден 06.03.2013 година изнесува 61,6659 денари.

3.2. **Финансиски извештај**

**Приходи и расходи**

3.2.1. При организирањето на изборната кампања за локалните избори 2013 година, формирани се изборни штабови, при што со извршениот увид во деловните книги ревизијата констатира дека не се приложени податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните /физичките лица за изборните штабови каде партијата користи изнајмен деловен простор. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи.

Поради тоа не е можно потврдување на вкупните трошоци во случаите каде партијата користи деловен простор со надомест или за висината на донацијата во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Надлежните органи на ДУИ, во иднина при организирање на избори да обезбедат одлука за бројот, седиштата и начинот на користење на објектите наменети за изборни штабови и да ги уредат меѓусебните права и обврски со сопствениците на истите.

3.2.2. Третманот на дадените попусти во цените кои ги даваат радиодифузерите за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања е уреден со член 83-а став 5 од Изборниот законик и истите се сметаат за донација изразена во парична вредност.

Со извршената проверка на презентираните документи, ревизијата констатира дека од страна на економските оператори одобрен е попуст во износ од 506 илјади денари и истиот не е прикажан како донација во финансиските извештаи (Прилог број 1).

Неизвестувањето за одобрените попусти од страна на организаторот на изборната кампања влијае на квалитетот на Финансискиот извештај на приходите и расходите на изборната кампања и информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Организаторот на изборната кампања да ги задолжи лицата за водење на деловните книги во иднина при изготвување на финансиските извештаи да ги презентираат одобрените попусти во истите.

3.2.3. Со извршената ревизија на финансиските извештаи (за првата односно втората половина од изборната кампања и вкупниот) за приходите и расходите на сметката за изборната кампања и начинот на водење на регистарот на донации, ревизијата констатира одредени состојби и тоа:

- во вкупниот финансиски извештај како расходи презентирани се износите на фактурите пристигнати заклучно со периодот на изготвување на вкупниот финансиски извештај[3], неземајќи ги во предвид пристигнатите фактури во периодот помеѓу 20.04.2013 до 29.05.2013 година во вкупен износ од 913 илјади денари (Прилог број 2). Согласно Роковникот за дополнување на Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2013 година за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје[4] е уредено дека "Организаторите чии што кандидати учествуваат на избори или прегласување на избори, вкупниот финансиски извештај за изборната кампања го поднесуваат најдоцна 30 дена по конечноста на резултатите од изборите или прегласувањето[5]", што упатува дека наведените обврски треба да бидат дел од вкупниот финансиски извештај;
- во вкупниот финансиски извештај повеќе се прикажани расходи во износ од 301 илјада денари како резултат на прикажување на една иста фактура два пати;
- во вкупниот финансиски извештај, во делот "останати приходи", прикажан е износ од 350 илјади денари[6] кој претставува трансфер на средства од редовната сметка на ДУИ. Во деловните книги на партијата не е извршено соодветно разграничување на примените средства по основ на членарина и по други основи со што ревизијата не доби уверување дека средствата пренесени од редовната на изборната сметка се обезбедени од членарини како еден од можните извори на финансирање на изборната кампања;
- финансискиот извештај за приходите и расходите на сметката за изборна кампања за втората половина од изборната кампања во себе ги содржи како расходите и приходите кои се однесуваат на втората половина од изборната кампања така и расходите и приходите кои се однесуваат на периодот од денот на отворањето на сметката до крајот на десеттиот ден од изборната кампања (прва половина);

---

[3] Започнувајќи од 22.02.2013 до 20.04.2013 година.

[4] Република Македонија, Државна изборна комисија, 18.04.2013 година, Скопје.

[5] Конечноста на резултатите за Општина Долнени е на 29.04.2013 година.

[6] Средства во износ од 288 илјади денари од редовната сметка на ДУИ е пренесен на изборната сметка и истиот ден повторно вратен (Извод број 4 од 05.03.2013 година).

- нема регистар на донации согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистар на донации за време на изборна кампања;
- не е пристапено кон склучување на договори со повеќе економски оператори за извршување на услугите;
- дел од склучените договори со економските оператори не содржат износи за договорената услуга.

Утврдените состојби не се во согласност со Изборниот Законик, Законот за облигационите односи, Законот за сметководството за непрофитните организации, Правилникот за сметководството за непрофитните организации и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистар на донации за време на изборна кампања и влијаат на квалитетот на Финансискиот извештај на приходите и расходите на изборната кампања и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да ги задолжи лицата за водење на деловните книги при изработка на Извештајот за приходите и расходите за изборната кампања во наредните периоди да извршат соодветно презентирање на извршените услуги и одобрените донации и истите да се темелат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Законскиот застапник на партијата да ги задолжи лицата за водење на деловните книги за воспоставување на регистарот на донации и негово правилно водење.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.2. е: непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за изборни штабови; непрезентирани примени донации и не се опфатени сите расходи во финансискиот извештај чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештај**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2. финансискиот извештај за приходите и расходите за период 22.02. до 20.04.2013 година го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај на Демократска унија за интеграција - ДУИ, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно член 84-б од Изборниот законик пропишана е обврска организаторот на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите на сметката за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања, односно еден ден по завршување на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите за втората половина од изборната кампања. Формата на наведените извештаи како и вкупниот финансиски извештај за изборната кампања утврден во член 85 од наведениот закон се дефинирани со Правилникот за образецот за финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања („Службен весник на Република Македонија“ број 70/2011 и 21/2013). Со извршената ревизија се констатира дека начинот на потполнување на наведениот образец од различни политички партии е различно (одредени субјекти го применуваат сметководственото начело на пресметковна основа додека другите го применуваат сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени). Барањето за поврзувањето на секоја донација со конкретен расход[7] во пракса е неприменливо, бидејќи освен кај одредени правни субјекти каде што може да се лоцира конкретен расход (радиодифузери, печатени медиуми итн.) кај физички и правни лица кои донираат парични средства не е можно поврзување на донацијата со конкретен расход.
Ваквата состојба упатува на потреба од натамошно разработување на одредбите на член 84-б од Изборниот законик и Правилникот за образецот за финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања во насока на надминување на утврдените состојби и јасно дефинирање на сметководственото начело на известување и пропишување на позиции за неподмирените обврски.

5.2. Изворот на финансирање на изборната кампања е уреден со член 83 од Изборниот законик додека финансирањето на редовното работење на политичките партии е уредено со членовите 8, 9, 10 и 19 од Законот за

[7] Член 84-б став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/06, 136/08, 155/08, 44/11,50/11, 142/12, 31/13 и 34/13).

финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13). Со извршеното споредување на наведените одредби за начинот на финансирање на редовното работење и изборната кампања, ревизијата го утврди следното:

- со одредбите на член 83 од Изборниот законик се пропишуваат изворите на финансирање на изборната кампања, но и ограничувањата од што не може да се финансира изборната кампања. Имајќи ги во предвид состојбите во пракса каде дел од учесниците во изборната кампања имаат создадени обврски кои не можат да се покријат од обезбедените средства на сметката на изборната кампања од една страна, а од друга страна со член 10 од Законот за изменување и дополнување на изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ број 142/2012) извршена е измена на член 71 од Изборниот законик со што обврската за затворање на сметката за изборната кампања е укината односно истата и понатаму опстојува (функционира) со што се создаваат можности неподмирените обврски да бидат покриени/платени од извори кои не се наведени во член 83 од Изборниот законик;
- во членот 83 став 2 алинеја 3 од Изборниот законик е уредено дека покрај другото изборната кампања може да се финансира и од „правни лица во висина до 5% од вкупниот приход во претходната година“. Во ова одредба не е наведено дали за правното лице лимитот од 5% е кумулативен износ за донирање на политичките партии во текот на известувачкиот период или пак право на донирање кое се однесува на поединечен учесник во изборната кампања/политичка партија. Во исто време не е пропишана обврска донаторот - правно лице со одобрувањето на конкретната донација на одреден политички субјект/партија, покрај доставувањето на фактура или друг документ да достави и уредни и веродостојни податоци од надлежниот регистар за годишни сметки, со кој ќе се презентираат податоци за вкупните приходи на донаторот за претходната година.

Поради отсуството на податоци за вкупните приходи во претходната година примателот на донацијата/организатор на изборната кампања не е во можност да обезбеди доследна примена на одредбите на член 83 став 4 од Изборниот законик[8].

[8] Ако височината на донацијата е поголема од износот утврден со член 83 став 2 алинеи 2 и 3 од Изборниот законик организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

5.3. Со одредбите на член 15 од Законот за изменување и дополнување на изборниот законик[9], меѓу другото утврдена е обврската „Државниот завод за ревизија во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на извештајот од став (1) на овој член е должен да спроведе ревизија. Ревизијата се спроведува од денот на отворањето на трансакциската сметка за изборната кампања до завршувањето на трансакциите на таа сметка“. Имајќи во предвид дека со член 10 од истиот закон извршена е измена на членот 71 од Изборниот законик во кој меѓу другото беше утврдена и обврската за затворање на сметката за изборната кампања односно „Жиро сметката од ставот (1) на овој член се затвора откако ќе бидат исплатени средствата од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините и градот Скопје за секој добиен глас на изборите“, со што се остава простор сметката да биде активна (незатворена), да се извршуваат трансакции континуирано а со тоа и оневозможување на доследно почитување на утврдената обврска на Државниот завод за ревизија за вршење на потребната ревизија. Во исто време ваквата состојба предизвикува неусогласеност и со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии каде е уредено дека политичките партии може да имаат само една сметка. За надминување на утврдената состојба надлежните органи потребно е да преземат активности за усогласување на наведените одредби и утврдување на рокови за затворање на сметките за изборните кампањи.

5.4. Со одредбите на член 47 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 136/08), рамката/износот на максимално дозволените средства за финансирање на изборната кампања по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат од постојните „60“ денари е поместена на „180“ денари. Согледувајќи ги податоците презентирани во Извештајот за спроведените избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје во 2013 година, за вкупниот број на гласачи запишани во избирачкиот список од една страна и вкупните обврски создадени од страна на организаторите на изборните кампањи од друга страна како и степенот на подмирени обврски од трета страна ревизијата го констатира следното:

- вкупниот број на запишани гласачи во избирачкиот список изнесува 1.743.403 гласачи/избирачи, односно организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу 313.812 илјада денари (1.743.403 x 180 денари) или приближно 5.102.643 евра;
- во пракса ниту еден од организаторите на изборната кампања за спроведените избори за членови на советите на општините и советот на

[9] „Службен весник на Република Македонија“ број 142/2012.

градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје во 2013 година го нема достигнато пропишаното максимално дозволено ниво;
- нивото на обезбедени средства за изборната кампања и нивото на создадени обврски за време на изборната кампања бележат разлики со што за голем дел од обврските во текот на изборната кампања не се обезбедени средства и средствата кои се пропишани во член 86 од Изборниот законик (15 денари по добиен глас) за надоместување на трошоците за изборите кои се обезбедуваат по овој основ од буџетот на општината и на градот Скопје, покриваат само мал дел од создадените обврски за време на изборната кампања.

Ваквата состојба ја наметнува потребата надлежното министерство и Собранието на Република Македонија да преземат активности за преиспитување на максимално утврдената рамка од 180 денари по запишан избирач.

5.5. Со член 2 од Законот за изменување и дополнување на изборниот законик[10] меѓу другото утврдено е дека „Член на Владата и заменик-министер од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за избор на претседател на Републиката, пратеник, член на совет или градоначалник, функцијата член на Владата, односно заменик-министер ја извршува технички со преземање на неопходните активности во рамките на нивните надлежности за техничко функционирање на органот, односно Владата“. Неоспорувајќи ги активностите на надлежните органи за уредување на наведената област ревизијата укажува на потребата надлежните органи да преземат активности со кои ќе предложат соодветно законско решение со кое ќе бидат опфатени избраните и именуваните лица на локално ниво (локалната власт).

5.6. Со одредбите на член 8-а и член 74 од Изборниот законик е уреден начинот на постапување на члeновите на Владата и заменик-министер од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за избор на претседател на Републиката, пратеник, член на совет или градоначалник како и забраната за вршење на вонредни исплати на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства или средства од јавни фондови. Забраната за нови инвестиции и вонредни исплати исто така е уредена со одредбите на член 11 од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/02; 46/04; 126/06; 10/08; 161/08 и 145/10). Непочитувањето на наведените одредби согласно одредбите на член 179 од Изборниот законик и член 60 од Законот за спречување на корупција предизвикува прекршочна одговорност и соодветна глоба, при што за исто

[10] „Службен весник на Република Македонија“ број 142/2012.

несоодветно постапување утврдена е различна глоба во наведените закони. Неоспорувајќи го правото на надлежните органи за уредување и пропишување на наведената област ревизијата укажува на потребата од усогласување на наведените одредби во наведените закони.

5.7. Со одредбите на член 69-а од Изборниот законик е утврден периодот на траење на изборната кампања односно „Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите“. Овие рокови претставуваат основа за постапување на организаторот на изборната кампања во делот на одредбите на член 84-б и 85 од наведениот закон кои се однесуваат на изготвување на финансиски извештаи за приходите и расходите на сметката за изборната кампања и тоа:

- од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања;
- еден ден по завршување на изборна кампања за втората половина од изборната кампања;
- веднаш а најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршување на изборната кампања (вкупен финансиски извештај);

Во исто време утврдениот рок ( член 85 став 1) за поднесување на вкупниот финансиски извештај за изборната кампања претставува и критериум/краен рок за уплатување на донациите од правни и физички лица за финансирање на изборната кампања.

Наведените одредби не целосно го уредуваат траењето на изборната кампања а пред се изборната кампања во услови кога се појавува поништување на гласањето на одредени избирачки места и повторно прегласување а со тоа и јасно дефинирање на роковите за поднесување на горенаведените финансиски извештаи. За надминување на утврдената состојба ДИК во текот на спроведувањето на локалните избори донесе повеќе роковници „за дополнување на Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2013 година за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје“. Надлежните органи потребно е да преземат мерки и активности за доуредување на наведената состојба во рамките на Изборниот законик.

5.8. Одредбите на член 84 од Изборниот законик го уредуваат правото на трошење на средства по запишан избирач од страна на организаторот на изборната кампања. Во услови на организирање на изборната кампања за избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје во 2013 година правото на трошење по запишан избирач се утврдува на ниво на општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на

кандидат. Со извршената ревизија на документите со кои се потврдуваат создадените расходи за оваа намена се констатира дека не постојат уредни и веродостојни документи со кои ќе се разграничи конкретниот трошок за изборната кампања за соодветната општина од една страна а од друга страна објективно одредени расходи за оваа намена не е ниту можно да се утврди колку би изнесувал конкретниот расход за соодветната општина. Ваквата состојба ја оневозможува ревизијата да се произнесе по ова барање утврдено со наведениот закон како и потврдување на вкупните расходи направени за изборната кампања на ниво на конкретна општина. Надлежните органи потребно е да преземат мерки и активности за надминување на утврдената состојба.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност**

6.1. Давателите на услугите (радиодифузерите/медиумите) не обезбедиле дословно почитување на одредбите на член 83-а и член 85-а од Изборниот законик и Законот за облигационите односи со тоа што:

- доставиле фактури до организаторот на изборната кампања но не доставиле Извештаи за искористен рекламен простор и ценовници до Државниот завод за ревизија (Прилог број 3 и Прилог број 4);
- не се склучени договори и не се доставени фактури до организаторот на изборната кампања за извршеното „платено политичко рекламирање“, констатирано во “Извештајот од медиумското покривање на изборната кампања за локалните избори 2013“ изработен од Советот за радиодифузија на Република Македонија (Прилог број 5);
- склучен е договор за емитување на рекламни спотови во кој меѓу другото е уредено „изработка на спот гратис“ но радиодифузерот не ја изготвил фактурата на начин на кој ќе го извести организаторот на изборната кампања за висината на дадениот попуст;
- не се доставени фактури до организаторот на изборната кампања а се доставени ценовници/извештаи за искористен рекламен простор до Државниот завод за ревизија (Прилог број 6);
- постојат разлики помеѓу презентираните состојби во извештаите за искористен рекламен простор доставени до Државниот завод за ревизија и утврдените состојби од доставените фактури до организаторот на изборната кампања (Прилог број 7).

Горенаведените состојби оневозможуваат организаторот на изборната кампања да обезбеди доследно почитување на одредбите од Изборниот Законик.

Скопје, 04.11.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА СМЕТКАТА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЗА 2013 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **22.02.-20.04.2013** |
|---|---|
| **Приходи** | |
| Приходи од донации | 13,781 |
| Приходи од други извори | 350 |
| **Вкупно приходи** | **14,131** |
| **Расходи** | |
| Потрошени материјали | 79 |
| Други услуги | 66 |
| Превозни-транспортни услуги | 228 |
| Издатоци за реклама и пропаганда | 21,590 |
| Провизија за платен промет | 2 |
| Интелектуални и други услуги | 154 |
| **Вкупно расходи** | **22,119** |
| **Вкупни приходи - Вкупни расходи** | **(7,988)** |